РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 – 1227/1
13 -03- 2026

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контакт, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1767/1 од 13.06.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за оттуѓување на деловен простор во центар на -------- зграда ----------------- ------------- - ---- -------------------- сопственост на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај поради тоа што не била спроведена постапка за продажба на деловен простор наведен во доставената пријава, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи за незаконито спроведена постапка за оттуѓување на деловен простор во ------------.

Предметот со број 12-1767/1 од 13.06.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 13.06.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости на постапка за постапка за оттуѓување на деловен простор во центар на ---------- зграда ------------- ------------- - ------ -------------------- сопственост на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, при што оформен е предмет број 12-1767/1 од 13.06.2025 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара инспекциско надзор од Општина ---------, а воедно се обрати и до Акционерско друштво за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

стопанисување со деловен простор во државна сопственост на РСМ со барање да се достават податоци и информации за тоа дали од страна на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост била спроведена постапка за продажба на деловен простор во ------- ------- ------------ ------------ и доколку била спроведена наведената постапка за продажба на деловен простор во -------- --------------- ------------- да се наведе датумот за тоа кога е спроведена предметната постапка како и по кој основ истата била реализирана како и лицата со кои бил склучен договорот за продажба со достава на копија од истите во прилог.

По барањето до ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на истите констатирана е следното:

Општина Битола информира дека во Законот за градење не е наведено дека овластениот градежен инспектор при вршење на инспекциски надзор има надлежност да инспектира документација во врска со продажба/отуѓување на деловен простор односно, дека тој е ненадлежен за истото.

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост на РСМ известува дека од увидот во документацијата со која располага Друштвото а која се однесувала на постапка за прдажба на деловни простории извршени во неколку пакети во 2015 и 2016 година, не бил најден предмет и евидентиран доказ за продажба на деловен простор во ------- ----------- во ------- ----------- односно, немало спроведена постапка за продажба на наведениот деловен простор. Кон известувањето исто така доставен е и табеларен преглед на реализирани продажби на деловни простории од страна на Друштвото, од каде што може да сѐ констатира дека посочената недвижност не била предмет на оттуѓување.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека не била спроведена постапка за продажба на наведениот деловен простор што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи за незаконито спроведена постапка за оттуѓување на деловен простор во центар на ----- ---------- зграда ----------------, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р. С.Д член на ДКСК
Доставено до:
-Подносителот на пријавата